

# ИНТЕРНАЦИОНАЛНА СТРУМИЧКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

ИЗЛОЖБАТА СЕ ОРГАНИЗИРА ВО РАМКИТЕ НА СКОПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА „СКОПЈЕ‘, — СКОПЈЕ

ART GALLERY „SKOPJE“ — SKOPJE

# ИНТЕРНАЦИОНАЛНА СТРУМИЧКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

# STRUMITSA‘S INTERNATIONAL ART COLONY

ЈУНИ — АВГУУТ 1986 ГОДИНА

JUNI — AUGUST 1986

Кога дојдоа од сите страни во Струмица, беше август 1964. Чудно изгледаа. Облечени шаренолико, шумни и весели, на секој чекор го свртуваа вниманието. Ги гледаа луѓето, сомнително вртеа со главите и се прашуваа: кои се овие несбични суштества и што бараат овде во ова мало јужно гратче?

А тие во едно августовско утро почнаа да ја раскажуваат приказната на своите срца, да го леат она што го носат длабоко во себе.

Одеа насекаде, низ сокаците на стара Струмица, надолу по полето натежнато од плод и се чудеа на светлината на струмичкото небо. Потоа се повлекуваа во своите „атељеа" и цареше мир. Само острнот мирис од бои и терпентин што ги исполнуваше просториите, укажуваа дека овде се создава нешто ново, нешто што до денес Струмица го немала.

А навечер кога денот се смируваше и кога паѓаше тивка августовска ноќ, тие се враќаа во „нормалниот" живот. Се собираа и почнуваше песна и смеење. На другиот ден исто, и така сè до дваесетти август.

Така го почна животот Струмичката ликовна колонија. И така во спомените го носам август од 1964 година.

... Август1965 година. Втора година на колонија. Од рацете на Мартин Хегедушиќ, почнуваше да се раѓа дело, кое кога беше завршено не потресе со својата драматика. Возбудено раскажува дека доаѓајќи во Струмица видел како пред водите на излиената Сава татко со две малолетни деца го напушта својот дом. Во таа „секојдневна" тема тој внесе „универзалност" на едно човеково чекорење низ животот. Се прашував зарем малку „поплави" има во животот на модерниот човек? ...

... Средина на август 1967. Колонијата од Струмица се пресели на бреговите на Дојранското Езеро. Топло е. Сè што е живо е во водата. Само нашите гости не се капеа. Во сенките под јаворите, во хотелските соби тие ја продолжуваат работата. Во нивните дела со целата своја питома убавина блеснува Дојран, езерото и небото со чудесна јужна светлина. Размислувам, не можам, да најдам одговор. Дали Дојранското Езеро има некоја таинствена моќ, дали во него се крие, таква убавина која е достапна само на уметничкото око и душа или пак, како организатори имаме среќа да ни доаѓаат вистински уметници? Кој тоа го знае... Веројатно дека едното и другото ...

... Август 1969. Годинава како организатори имаме поголема одговорност. Струмичката ликовна колонија од југословенска, прерасна во меѓународна ликовна манифестација. Помалку страхуваме дали овој конгломерат од личности психолошки ќе најде заеднички јазик. Стравот наеднаш исчезна штом сите учесници се собраа. Духовната интеграција настана уште од првиот ден. Тие имаат еден заеднички, еден единствен јазик, јазикот на уметноста. Дојдоа од сите страни на светот овде да соз-

It was August 1964, when they came to Strumica from all parts of Yugoslavia. They looked rather strangely for the people of Strumica. Put on colouful clothes they were walking and talking happily and loudly whose gayely noise turned everybody's attantion. Passers-by looked at them with ambiguity they turned their heads towards them and asked themselves: Who are those unusual human beings and what are they looking for down in this small southern place?"

One morning in August, they started to retell stories which came out of their hearts to say everything which was to be found deep in their souls.

They walked round everywhere, along the naroow streets of the old town of Strumica, down in the field where they met with various fruits and crops, and thry were suprised by the wanderful Strumica climate. Then they withdrew in their atheliers where there was only silence. Only the sharp smell of colours and terpentine filled the rooms and, at the same time ,it showed that something new has been creating which Strumica has missed it up to now.

But in the evening, when the sun was going down and the dark night came in stead they used to return to their usual night's life. They gathered to one place and again they started singing songs and smiling, too. Nearly everyday was cheerful. So they spent twenty days in the month of August in Strumica.

This is the way how the Strumica Plastic Art Colony started its life and that is what i remember the year 1964.

... August 1965. The second year of the Colony. Martin Hegedušić was partaker to the Colony. He did such and artistic work which left impressions on us never to be forgotten. Coming down to Strumica he excitedly told us that he had seen a father with two small children leaving his home out of the flooded region of the river of Sava. In this "everyday" theme he wanted to show "A universal thing" of a human stepping in his life. I thought and asked myself: "Are floods not enough for the life of today's humanuty?...

... In the midle of August 1967 the Plastic Art Colony of Strumica moved by the Lake of Doiran.

... It is a hot day. Everything alive is in the water, but our guest did not want to swim. They went on working in the shade under the trees and in the rooms upsairs in the hotel. The wonderful beauty of the town of Doiran, the Lake of Doiran and the sky above them impresed the painters very much. The southern shinning sky found a place in their paintings. I have been thinking but the answer is hard to be found. I wounder if the Doiran lake has got any sceret power, or the beauty of the Lake is understandable only for the painter's eye and sesible for their soul, too... We are lucky to have such a good painters. By the shinning water of the lake.

... August 1969.

даваат во името на единствената богиња-уметноста. А толку се плашевме дали ќе бидеме добри домаќини . . .

. . . Август 1972. Денес многу се работеше. За време на вечерата некој рече дека никогаш и никаде не видел поубав изгрев на сонцето како овде. Падна предлог заеднички да го доживееме раѓањето на струмичкото сонце, а да бидеме будни треба мастика.

Таа тивка августовска ноќ за сите ќе остане незаборавна. Се редеа песни на сите јазици. Се уверив дека песната е најубава во ноќта.

Седевме цела ноќ. Седевме и гледавме. Долу полека небото почнуваше да пламти. Беласица светна окапена со пурпурна светлина. Се разнесоа безброј шумови кога црвениот диск од сонцето се издигна над планината. Незаборавен изгрев.

Никој не отиде да спие. Сите почнаа да сликаат. И навистина тој ден добро работеа . . .

. . . Август 1973. Денес ќе ги разгледаме манастирите „Св. Леонтие" во г. Водоча и „Св. Богородица Елеуса" во с. Вељуса, познати светски споменици на културата. Свештеникот тивко, кој знае по кој пат наизуст ја раскажуваше научената лекција. Наеднаш Иан Тисон, професор на Лондонската ликовна академија се сврте кон мене. Лицетому беше озарено кога со побожен глас, мислејќи дека така најдоброќе го разберам, шепна на италијански „Молто, молто бене" . . .

Таквите посети се полезни. Заеднички живееме и уште подобро се запознаваме. На нашите гости им ги покажуваме делата на творечкиот гениј на нашите предедовци. Тоа е еден од најубавите мостови на взаемното разбирање и зближување . . .

. . . Август 1974. Поминаа првите денови од работата на Колонијата. Тргнуваме на еднодневен излет до Дојранско Езеро. Меѓу колонистите е и Милиќ од Мачва со својот татко Радован кои вчера пристигнаа. Му ја раскажуваме легендата за постанокот на Дојранското Езеро, чудесна легенда за момата Дојрана и заборавените од неа дванаесет извори. Го зафати некој немир и рече дека се враќа во Струмица. „Не треба да помине ден без да се удри барем една црта" — проговори и замина. На другиот ден со својот сликарски јазик тој ја раскажа таа чудесна легенда на неговата слика — прекрасна мома чекореше преку изворите кои личеа на огромни цветови.

Денес е втори август 1978. Радиата се пуштени на цел глас. Од отворените прозорци трештат маршеви, илинденски и партизански песни. Насекаде знамиња. Некои од гостите знаат, а на другите им објаснуваме што значи за нас тој ден.

Седиме во холот и се договараме. Ги нудиме гостите со мастика и кафе. Некој рече: „Пробајте, нашата бела девет болки лечи". Наедниш смеа и сета воздржаност ја снема . . .

This year we have bigger responsibility in front of us. The Plastic Art Colony of Strumica enlarged its circle of the working sphere.

It became international. To tell you the truth we were afraid a little whether the painters from different countries, from sychological point of view, will find a common language. But the fright we had before disappeared, at once as soon as all the painters got closer in a group. The spiritual friendship was noticable as early as the first day. They have one common language, just one language, it is the language of painting and art. They have come from all round the world and in the name of the only godess — Art to do their job painting on diferent themes. Right from the beginning we were so afraid whether we should do our job properly as a good host.

. . . August 1972.

We have been working much today. During the supper somebody said that never and nohwere had ever seen so beautiful sunrise in the morning, like here in Strumica. So there was sugestion to see and enjoy the sunrise, but in order to spend the night till morning we need Mastika, another one says . . . so we did it that night and saw the sunrise.

That quiet night in August will be unforgettable for all of us. Songs were sung in diferent languages. I convinced that the songs is sweeter sung as night. We were setting up all the night. We were setting round and watching and only watching. The mountain of Belasica shone glittering above us in purple light. Lower the sky began to burn like in a big flame. Numberless nosy sounds began spreading when the red circle of the sun began to rise over the sun.

Unforgetable suirise. Nobody went to bet but in stead every painter started painting even continuing during the daylight.

. . . August 1973. Today we shall do see-sighting of the old monasteries, "Saint Leontie" in Vodoča and "Saint Eleusa — the Godess" in the lillage of Veljusa world's famous historical monuments and cultural places. The priest silently and who knows how many times he told the same well-learnt story. Suddenly all at once, Ian Tison, professor of the London Plastic Art Academy turned to me. His face had redish colour when follen in thoughts and in low voice whispered something to me in Italien . . ." Molto bene . . . which in English meant very, very good." Such sight-seeing of old monuments is worth. In this way we live the life, I mean enjoy the life and and become close friends. So to our guests we can prepresent the works of early art creators i.e. our predicessors. Our artistic activity is a good human bridge of mutual understanding and friendship . . .

. . . August 1974.

The first days painting in the Colony passed so we made up our minds to go on one day's picnic to the Lake of Doiran. Among the painters is Milić from Mačva. He is accompanied by his father Ra-

. . . Август 1983. Доаѓаат пак од секаде. Руна, Роберт, Коле, Радован, Христина, Пламен, Михаил, Ефи, Тина, Бранко, Стојан, Мирјана, Митко . . . Еве го и Мазев. Влегува како ветер. Со немирна коса насмевнат, ги раширува рацете за поздрав, како да сака сите да ги прегрне. „Ќе ти ја лапнам сета боја, јас така сликам" — рече. Го погледнав и наеднаш од некаде исплива една мисла на Евтушенко, што некаде сум ја прочитал дека „уметничката слика е празнување на бојата". „Ќе имаме многу празници" — си реков . . . Тане е молчалив. Дали ќе работи — се прашувам. Ќе работи. Отиде во полето по сончогледови семки . . .

Под рацете на Христина се раѓа една древна, исконска приказна. Вечната приказна за животот и смртта. Пренесена со сето мајсторство на вистински творец. Јанчевски се размавта. Испириран е откога му дојде Даче — сопругата, прави прекрасни дела.

Јашар постојано е во движење. Од неговата лула излегуваат облаци од чад. Целиот универзитет мириса на ориентален тутун. Портрети, портрети . . . Колку ли ќе направи? Вистински мајстор. „Нас'л бе" — го прашуваме. „Добро" . . . одговара на македонски. Добро му е. Рече дека ако пак го повикаме, трчајќи ќе ни дојде.

5. август. Сонцето надвор пеколно пржи. Во Универзитетот е тивко. Уметниците се повлечени во „ателјеата" и работат. Во просториите за работа (сали, училници, канцеларии, тераси . . .) остар мирис на маслени бои, терпентин, растворач . . . Тивко е како во манастир. Гледам како од рацете на платното на овие што дојдоа од секаде се раѓаат светови, некои донесени, некои овде доживеани.

20. август. Попладне се завршните разговори и „Смотра" на сè што е создадено во овогодишната Колонија. Наеднаш во салонот стотина ликовни дела. Стоиме неми пред нив. Какви ли не мисли, какви ли немири им командувале на рацете на уметниците да го пренесат на платно она што го носеле во себе. Скришум ги погледнав колегите. Задоволство им се чита на лицето.

Значи и ова лето даде добар плод.

Вечерта бевме сите заедно, а на другиот ден разделба.

Ариведерчи, гудбај, досвидање, адио, довиђења, догледање, сал'кларлен, Јасос . . .

Отидоа нашите драги гости. Странските преку Охрид и Скопје.

Отидоа, а овде оставија најубави делови од себе. Се надевам дека и одовде ќе понесат малку сонце, топлина и љубов од нашите луѓе. Се надевам, зашто сите ни рекоа дека бевме добри домаќини. . . . И така години на ред. Доаѓаат за нас непознати, а си одеа блиски. Оставаа овде под ова јужно небо прекрасни плодови од откинати светови, соништа, дилеми и верувања. Веќе Струмица и нејзините луѓе не можат да го замислат својот живот без нив и нивното творештво. Таа не би била толку убава без нивните дела.

dovan, too. They arrived yesterday. I told the legend about the Lake of of Doiran. It is a wonderful legend. It is a legend of a young Lady called Doirana who forgot the twelve springs.

He was a bit impatient and told us that he was going back to Strumica. He whispered a few words: "A day should not pass by without putting a brush of colour on the canvas".

The next day the legend I had told him painted on a larger canvas. The young lady was stepping over the springs which look like large springs painted in lovely colours on the canvas.

Today is August 2nd. The radio sets are on aloud. Ilinden songs, partisan songs and revolutionary songs are coming out of the open windows. Flags are everywhere. Some of the guests know the cause of it, but others do not and we explain to them what that day means to us.

We are having a rest and talking in the hall. We ask them to try a drop of mastica or have a cup of coffee. Someone said: Come on ,try our "awaite one", it cures nine diseases. All at once a laugh followed and all sustentation disappeared . . .

. . . August 1983. They are coming again from all round the world. Runa, Robert, Kole, Radovan, Kristina, Pamen, Mihail . . . There Mazev is coming, too. He is coming in rushing like wind, his hair looks like the bushes, but with his face smiling. He spreads his arms to say hallo ,as if he wanted to greet us, at once. Then he whispered a sentence for a joke "I am going to use all the colours you have; this is the way of my painting". I look at him, but in the mean time, a few words were passed by Evtušenko, something that I had read it before: The Artistic pictureis a celebration of colour". Then I said to myself: "We are going to have a lot of fun". . . Tane, eas usual, is quiet. I ask myself whether he is going to work in full power, of course he will work, he is a hard-working painter. Well I do not see him now, but he surely has gone into the field to pick up some sunflowers and then take out the seeds . . .

Under Hrisina's hand on the canvas there appear and rise a very very old story. It is the eternal story of life and death. The story is told by means of the colour and the brush and her talent as a real master of painting.

Jašar is moving round. Out of his pipe rise clouds of smoke. All the rooms round smell to riental tobacco. Portraits, portraits . . . I wonder how many he is going to do. He is a real master of them. "Nas'l be" — I ask him. "Good" . . ., he answers in Macedonian. "I am all right" he said adding. Then again added: "If you call me again, I shall come running".

August 5nd. The hot sun shines outside. It is peaceful in the University. The painters are back to work in their "ateliers". All round the working places (classroom, haals, offices, terraces . . .) sharp smell of oil colours, terpentine, dissolution . . .

Затоа на разделбата и Струмица и нејзините гости-взаемно, длабоко и топло си велат: „Не збогум, туку догледање".

Љупчо Апостолов
Раководител на Струмичката
ликовна колонија

Quiet ,as in a monastery. I see these people who have come from different parts, painting on their canvases of which new worlds are turning out, some brought with them some experienced here.
August 20th. That afternoon are to be hold the final habitual talks e.i. "Review" on every thing what has been created during this year's Colony. All at once there appear a handred and so artistic works. We are standing mute in front of them. What are those thoughts or fortune-tellers who order their artistic hands to transver on canvas that what is in them. Not being seen I looked at the colleagues. I saw chereful faces.
So this summer has given us good crop. The night we were all together but the next day departure followed.
Arivedershi, goodbye, dosvidania, adio, doviduvanje Sal'klarlen, Josos...
Our frend has gone. The forigners via Ohrid and Skopje. They have gone, but they have left behind their best what they could do. I hope that day have gone with a little fuplight, love, and good-herated-ness of our people. I hope so, because all of them told us we were gool hosts.
So 20 years have passed. They came to the Colony as strangers, left as close friends. They left behind their artistic fruits, I mean to the paintings. The town of Strumica, the people of without them. But on the other side the town itself would not be so nice without their artistic works.
... Leaving home from Strumica our guests — painters never say "Goodbye" but see you again, may be, next year. Their departure is always warm and friendly.

Ljupčo Apostolov

Manager of the Strumica Plastic Art Colony

Несомнено е дека во развитокот на современата ликовна уметност, голема улога имаат и колониите, како специфични културни институции, за афирмација на ликовното творештво низ заедничкото живеење и творење, исполнувајќи ја празнината во ликовното творештво.
Претставувањето на ликовниот уметник во Колонијата, како во нова културна средина, изискува од самиот автор и приспособување на испиративноста на средината кон својот ликовен израз. Кај голем број учесници притоа, локалниот колорит, амбиентот на градот, животот во ателјеата, а особено пејзажот на поширокaтa околина неминовно наоѓаат место во создавњето на делото и претставуваат силен испиративен поттик. Самата, пак, присутност на автори од земјата и странство овозможува поголема проточност на информации за ликовниот живот од матичната земја — а со оглед на тоа што учеството на Колонијата е бројно импозантна — овие информации не се без значење. Сепак, онаа што ги поврзува сите учесници на Колонијата е творечката искреност.
Најстарите дела во оваа поставка, презентирана на скопската културна јавност, ѝ припаѓаат на наивната уметност. Меѓу повеќето изложени дела на овие самоуки сликари особено се истакнуваат: водечката личност на Југословенската наива Иван Генералиќ, со еден идиличен селски пејзаж **(Од мојот брег)**; Македонскиот сликар Вангел Наумовски претставен со две дела **(Срце** и **Билјанините извори)** доловувајќи ни фантастични биоморфни подводни сцени. Во скулптурата, наивната искреност е присутна во делата на Мартин Хегедушиќ **(Четири годишни времиња)**; Поповиќ Цвијо **(Бег)**; Генералиќ Матија **(Жената го пере мажот)** и др. Преминот од 1967 год. кога Колонијата на нивни сликари прерасна во сликарска колонија од југословенско значење, а од 1969, и во Меѓународна сликарска Колонија донесе нов ликовен квалитет при што фондот на Колонијата постепено се збогатуваше со ликовни дела од разновидни естетски-ликовни определби, од реалното и фигуративното до апстрактното во модерната уметност.

Апстрактната уметност и нејзините разновидни варијантни — уметноста на слободниот израз, на динамичност и одвоеност од предметното, на инсистирање на визуелната сензибилност, на афирмација на бојата — често пати со јасно нагласен индивидуалитет и сензибилност, ја среќаваме: Во најраното дело на Дамјановски Божидар (Поле, 1971) соопштувајќи ни го впечатокот од природата во слободен експресивен потег. Апстаркно-експресионистичката архитектоника на сликата кај Иванов Никола **(Пејзаж I)**. Взаемното проникнување на геометриските форми и соодносот на мошни смели и чисти бои кај Хернандез Мариано (Шпанија), потоа варијации на лирската и геометриската апстракција кај Матевски Ѓоко (Нов период). Енформеловата пастуозност ја среќаваме кај Александар Ристески **(Жештина)**, Марио Телери **(Композиција II)**

It is certain that in the evolution of contemporary fine art, the art colonies developed into specific cultural institutions. The affirmation of creative art through joint living and work fulfilled the emptiness in the artistic sector.
When the individual artist enteres the art colony, as in any new cultural mean, there is a demand placed upon the author to adapt to the mean via his art expression. Because of the great number of participants in the artistic sector, the local color, the environment of the city, the life in the studios and particularly the landscape of the environment, unvoidably find a place in the artist's creative work and they show a powerful and an inspirational stimulus. The presence of the authors themeselves, from the country and abroad, enable greater amounts of information for the artistic environment in their home land. Participation in the artistic colony significantly influences the artists. The creative sincerity of the participiants is the nexus which joints the artists.
The oldest works of this collection that will be presented to Skopje's cultured public belong to the naive art. Among these numerous works that will be exhibited included will be: self — taught artists, particularly are emphesized: Ivan Generalich (the leading person of Yugoslav Naive Art) with his work: “From My Hill” (an idyllic village landscape) and Macedonian painter Vangel Naumovski presented with two works: “Heart and Biljanini Wells” (showing fantastic biomorphic floodable scenes). In the sculpture presentation, the naive sincerity is present in Martin Hegedushich work: The Four Year Seasons”, Popovich Cvijo “Running Away”, Generalich Matija” The Wife is Washing Her Husband” and many others. In 1967 the Colony from naive painters changed to Art Colony of Yugoslav significance and in 1969 further ivolved to an International Art Colony bringing a new art quality. The wealth of the collection gradualy increased from heterogenous aesthetic art determinations to real and figurative and finaly to abstract art.
The abstract art and its different variations-the art of dynamic free expression separated from concrete expression, the insistance upon visual sensitivity is met in the earliest work of Bozidar Damjanovski (Field, 1971) He recalls a remembrance of nature through his expressive brush strokes. The expressive abstract architectonics can be found in the work of Ivanov Nikola “Landscape I”. The merging of geometric forms and the correlation of very striking and lucid colors is evident in Hernandes Marino paintings. The variation of lyrical and geometrical abstraction is seen in Matevski Goko's work “The New Period”. The Enformel realm there is a pastyness that is present in a work of Aleksandar Ristevski's titled “Heat”, in Mario Teleri's “Composition II” and in other works.
The Op-art can be found in the work “Acantus”. 1973 by the English artist Denis Bowen. He introdu-

и др. Оптичката уметност (оп-артот) ја среќаваме кај Англискиот уметник Бовен Денис (**Акантус**, 1973), кој со контрастот на геометриските форми и светлечките (флуоросцентни) бои постигнува оптички ефекти и друго.

Користејќи ги искуствата на стилските насоки од почетокот на XX век (експресионизмот, фовизмот, кубизмот, дадаизмот, надреализмот), во современото светско сликарство од 70-те год. на овој век се појавија нови фигуративни изрази искажувајќи ги своите емоционални односи кон животот и горливите теми на денешнината, како експресивна фигурација, нова фигурација, хиперреализам др. така што во Колонијата оставија траги и овие нови тенденции, како на пример динамичната експлозивна слика на Петар Мазев (**Слика I**, и Роберт Гервинд) гротескно-карикираните фигури на Чемерски (**Композиција)**; постепеното стопување на фигурата со апстрактно-експресионистичката заднина во делото на Гаго Хиполито Пиорно **(Портрет)** од Шпанија, потоа **Калуѓерката** на Ана Темкова, работена во духот на новата фигурација. Кон истиот домен се приклучуваат и концепираните површини на Нове Франговски ослободени од секаков детал **(Проекција на иднината)** и др.

Надреализмот како ликовна насока свртен кон легендата и историјата го среќаваме кај Васко Ташковски и Милиќ Станковиќ и др. Хиперреализмот како реакција на апстрактната уметност, мошне малку го има во фондот на Колонијата. Единствено го среќаваме кај сликарот од Грција Цагас Ираклис и Танас Луловски.

Иако интернационалната Струмичка колонија е претежно сликарска колонија, во одредени временски периоди на Колонијата се создадоа и скулпторски дела, но во помал број, како гипсената фигура **Јама** на доајенот на македонската скулптура Димо Тодоровски со експресионистички белези, потоа благите експресивно деформирани делови во скулптурата на Боро Митриќески. Геометриските стилизирани површини ги среќаваме кај Бранко Конески, Кхалид Самид од Ирак. Интересот кон примитивната уметност, кон тотемско-симболичните транспонирања, го среќаваме кај Васил Василев Објектот како нова уметничка дисциплина е застапена кај германскиот скулптор Хенес Маер и други. Во контекстот на современите ликовни струења, треба да се споменат и првите интервенции во просторот од сликари-уметници на Колонијата 1975 работени од грчкиот уметник Димитри Алитхунос и италијанската сликарка Пина Сцогнамилио и трите заеднички слики од учесниците на Колонијата во 1970 год.

При селектирањето на делата од Фондот на 22 работа на Колонијаат, авторите на изложбата водеа сметка за следното:

— Да се даде еден стегнат пресек од целокупното творештво на Колонијата кое ќе еволуира во постојана поставка на идната Уметничка галерија, се

ced Op-art by contrasting geomerical forms and gltterirg, fluorescent colors which reached optical and other effects.

Drawing from past artistic trends of the xxth century (Expressionism, Fauvism, Cubism, Dadaism and Surrealism, new figurative expression appeared in the 1970. This new expression shawed an emotional portraying life and difficult subjects of the present This emotional involvement was termed expressive figuration, New Figuration, Hyper Realisam and other. These new trends influenced the Colony. Painted in tis new spirti are the following works: the explosively dynamic painting of Petar Mazev: "Painting I", and these trends can also be found in Robert Terind's works, Gligor Chemerski's "Composition" with its grotesque caricatures. The gradual disappearance of the figure in an abstract expressionistic background can be found in the work "Portrait" by Hipolito Piorno from Spain, and in the painting titled "Nun" by Ana Temkova. Also included is the painting "Project for the Future" by Nove Frangovski sketched in flat surface and not confined to any details.

Surrealism as an art direction turned toward legends and history. This can be seen in the works of Vasko Tashkovski and Milich Stankovich. Hyper Realisam as a reaction to abstract art is represented only in a few works such as: Tanas Lulovski and Cagas Iraklis works.

Eventhough the International Art Colony of Strumitsa is mainly a painting colony, there were periods when a few sculptural works were created. The gypsum figure "The Pit" by Dimo Todorovski (a leader in Macedonian sculpture) is done with expressional characteristics and in the slightly expressive deformed parts in the sculpture of Boro Mitrikeski. There are geometricaly stylized surfaces in the works of Branko Koneski and Khalid Samid from Iraq. The interest in primitive art is seen in the totemically-symbolical transpositions in Vasko Vasilevski's works. The objects, as a new art discipline can be found in Henes Maer's works.

In the context of the contemporary art trends, we should mention the first interventions in space by the painters-participants at the Colony, in 1975: the works of the Greek artist Dimitry Alithunos, the Italian painter Pina Scognamilio and the three joint paintings by the participants at the colony in 1970. In selecting a work from the fund of the Colony, the sponsors of the exhibition took in consideration the following variables:

— the work that best represented the entire colony which would evolve in a permanent collection in a future Art Gallery.

— The spacial limitations of the Art Gallery "Daut Pashin Hamam"

— The aesthetic art trends in the period of the Colony formation until 1985, in Yugoslavia and in the world, that left an impact on the fund of the colony.

разбира со извесни дооформувања на моментално изложените дела.
— Просторните можности на Уметничката галерија „Даут пашин амам".
— Естетско-ликовните струења во периодот од почетокот на Колонијата до 1985 година во Југославија и светот кои оставија трага во Фондот на Колонијата.
— Исто така некои југословенски сликари кои повеќе пати учествувале во Колонијата, се застапени со дела кои најповолно и најцелосно ќе ги афирмираат нивните творечки личности.
За ифирмацијата на оваа колонија зборуваат и бројните награди, меѓу кои посебно би ги нагласиле: Плакетата од сојузот на ликовните уметници на Југославија и Повелбата на културата од Републичкиот сојуз на културата и наградата „11 Октомври" за 1973 година Струмица.

Пепиќ Бранислав

— Also some of the Yugoslav painters that have participated several times at the Gallery are represented by works that affirm their creative abilities in the most favorable manner.
The importance ot the artistic Colony is supported by the numerous awardes. Among them the most immporttant are: The Medallion of the Assocaiation of Yugoslav Fine Artists, the Charter of Culture in Republical Self Managing Council, and the Award "11th of October" in 1973 from the city of Strumitsa.

## ...ШТО РЕКОА ЗА КОЛОНИЈАТА...
## ...WHAT THEY SAY FOR THE COLONY...

Како највисоко признание за особено значајни остварувања во областа на уметноста од интерес за Социјалистичка Република Македонија.

За уметничката дејност и остварувања со оведочени вредности во областа на ликовната уметност.

. . . „Македонија е како мојата Португалија. Луѓе со широко срце под топлото небо. Ние кај нас немаме таква ликовна активност каква што е Струмичката ликовна колонија. Организацијата на работата и другите придружни активности создаваат креативна атмосфера. Кога ќе се вратам дома ќе настојувам да никне таква активност. Деновите во Колонијата се корисно потрошени. Јас сум презадоволен“ . . .

Луис Фереира — Португалија

Неодамна на една ликовна изложба, слична на оваа, еминентен автор на кус предговор укажуваше на расказ за ѕидањето на Вавилонската кула; кула висока до небото. Но моќните богови под дејство на разноликоста на јазикот меѓу ѕидарите, ќе го спречат човекот да се вивне во висини дозволени само на боговите.

Но човековиот вечен стремеж за достигнувања нема да мирува. Ќе ги надминува човекот меѓусебните разнолики ограничувања дури и јазичните. И токму разноликоста на јазикот во обратно еквивалентните вредности на „Вавилонската кула“ човекот ќе употреби како средство за изградба на кула на слободата на духот човечки, кула на зближувањето меѓу луѓето; кула на мирољубивоста и хуманоста меѓу народите. Ликовниот јазик во уметноста и покрај повремените запоставувања бил одраз на благородните општи и зближувања меѓу луѓето и народите.
Во таа дејност градот Струмица со сликарската колонија ги отвара своите пазуви и нуди гостопримство на уметниците од целиот свет на ентузијастите и во името на идејата за слобода, братство и љубов меѓу луѓето приложат на овој свет труд — делче од пламенот на своето согорување на жртвеникот Аполонов.

Делата, остварувањата на креаторите на Струмичката ликовна колонија се скромни по квалитет, но значајни по творечките вредности. Пребогати се со разноликоста на третманот на сликарскиот јазик. Темпераменти и логично на очекувањето, дијаметрално се одвоени концепции во ликовниот став со јасно нагласен индивидуалитет. На сликарството му се пристапува без строги проблеми на догматика. Сепак во третманот на сликите се осеќа богато познавање на ликовните елементи и нивната експлоатација. Со одмерена смисла во односите на спротивностите, анализа-синтеза не изостанува ни осетот за баланс на архитектониката на сликите. Сликите изобилуваат со богат регистар на тонови, на бои со полн спектар. Но главна карактеристика на сликите од струмичките колонисти е во распојасаноста на колоритните варијации, на ирационалната разузданост, до инфатилната фантастика.

Од шумно бурните, мирни психолошки настроенија, делата на оваа Колонија живеат и звучат во полното свое творечко треперење.
Во домашната модерна уметност воопшто и во сликарството посебно, често безазлено но оправдано учествуваат и аналитички екстреми во што ни струмичките колонисти не оскудеваат.

Очигледно е дека учесниците со сета сериозност го сфаќаат ангажманот во оваа Колонија на задоволство преземените обврски за кое нешто заслужуваат секакво признание и благодарност.

Димо Тодоровски — скулптор

Пред да тргнам на овој пат, татко ми ми рече дека како момче на 18 години бил во Гевгелија, само една недела, на пат за Грција. Причината за неговото доаѓање во Македонија била сосема поинаква, отколку мојата. Бил испратен како војник за време на втората светска војна. Сега, по 40 години, неговиот син ја посети оваа земја. Јас ја запознав Македонија со сета нејзина убавина. Ја запознав нејзината мирољубива цел. Тука се сретнав со пријателството и љубовта на Македонците. Ги видов и дознав нивниот начин на живеење, ги чув убавите песни, ја запознав нивната радосна смеа.
Сето тоа ја прави Колонијата да биде нешто повеќе од уметнички собир. Тука се среќаваат луѓе од разни места на светот и единството на светот ги зближува.
Колонијата е чекор напред кон мирољубиво сваќање на светот.

АЛОЈЗ УНТЕР — Австрија

Некогаш Струмица беше неразвиено мало гратче, без индустриски капацитети, без културни институции, дури без гимназија. За многу краток период, по ослободувањето, Струмица направи такви гигантски чекори, постигна такви резултати во сите домени на животот, за кои некогаш требаше да поминат и векови.
Сега Струмица покрај другото има виши, средни и други образовни институции, широка мрежа на културни активности кои го збогатуваат живеењето на нејзините граѓани. Меѓу нив, Интернационалната Струмичка ликовна колонија со својата дејност претставува врв на еден напор, да се раскинат рамките на едно провинциско живеење и да се отворат прозорците кон светот и неговите достигнувања. Огромното ликовно богатство што таа го создава има трајна вредност, за која ние денес, во овој миг не можеме да дадеме вистинска оценка. За величината и благородната мисија што го врши и ќе го врши ова ликовно богатство ќе дадат суд поколенијата што ќе дојдат . . .

. . . Вие, учесниците на овогодишната Колонија, творечки, како вистински уметници се зафативте да создавате дела според своите афинитети и желби и определби. Со Вашиот престој, поготово со Вашите дела што ги создадовте овде оставивте дел од себе, дел од Вашите креативни суштества, кои остваат трајна врска помеѓу Вас и Струмица. Тоа е најубавото што може да се направи во овој немирен и неспокоен свет . . .

. . . Интернационалната Струмичка ликовна Колонија прослави еден скромен јубилеј — дваесет години плодна творечка работа. Пат исполнет со резултати, достоен за почит. За некоја година дамнешната желба, огромното ликовно богатство чиј сопсвеник е Струмица, да биде сместена таму каде што треба, во Струмичката уметничка галерија. Тогаш Струмица ќе прослави уште една победа во битката за покомплетно и посодржајно живеење . . .

**Фрагменти од излагањето на академикот Михајло Апостолски на завршните разговори од Колонијата во 1984 год.**

